Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Сл. весник на РМ“ бр. 58/00 и 44/02) и член 30 од Законот за основно образование („Сл. весник на РМ“ бр. 103/08), министерот за образование и наука донесе наставна програма по предметот *македонски јазик* за II одделение на деветгодишното основно образование за учениците со оштетен слух.

АДАПТИРАНА НАСТАВНА ПРОГРАМА ЗА УЧЕНИЦИТЕ СО ОШТЕТЕН СЛУХ

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК

## II ОДДЕЛЕНИЕ

ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

Скопје, мај 2009

# 1. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО II ОДДЕЛЕНИЕ

**Ученикот/ученичката:**

- да се поттикнува кон активно следење на наставата;
- да се оспособува за правилно артикулирање на гласовите;
- да се оспособува за прецизно претставување на гестот со збор;
- да се оспособува за квалитетна комуникација со соговорникот;
- да се оспособува за развивање на помнењето;
- да се оспособува за правилно усно и писмено изразување;
- да се поттикнува да усвои одреден број печатни и ракописни кирилски букви;
- да формира навики за правилно седење при читањето и пишувањето;
- да го збогатува речникот со нови зборови (гестови-знаковен јазик);
- да се оспособува да користи компјутер во функција на предметот;
- да се поттикнува да развива љубов кон читањето и литературата за деца.

## 2. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ: АРТИКУЛАЦИЈА НА ГЛАСОВИТЕ, ПОЧЕТНО ЧИТАЊЕ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>- да се оспособува да набљудува предмети во училницата, во училиштето и непосредната околина, да ги забележува нивните битни својства, да ги споредува и да ги опишува; | - Набљудување, забележување, раскажување, споредување и опишување | (Набљудување)<br>(Забележување)<br>(Раскажување)<br>(Опишување)<br>(Споредување)<br>* Поимите во заграда се за наставниците. | -Набљудување на предметите во училницата (да ги забележуваат нивните битни својства и намена), раскажување, споредување и опишување на истите. |
| -да се оспособува за точно и прецизно изговарање на гласовите на македонскиот литературен јазик;<br>- да се оспособува за поврзување на гласовите во зборови;<br>- да се поттикнува да ги претставува зборовите со артикулирање и со знаковен јазик;<br>- да се оспособува за правилно и прецизно графичко претставување на елементите на буквата. | - Изговор на гласовите<br>- Слеано изговарање на повеќе гласови<br>- Изговор на зборот глас по глас<br>- Црта<br>- Линија (исправена, коса налево, коса надесно, легната)<br>- Полукруг – долен, горен, круг) | - Глас<br>- Збор | - Вежби за правилно дишење.<br>- Вежби со изговор.<br>- Вежби и игровни активности за изговарање на гласовите и нивно слевање во збор.<br>- Вежби во огледало и со помош на аудитивни помагала.<br>- Вежби за воочување на буквата како графички симбол на гласот.<br>- Вежби за воведување во пишувањето како и за правилно почетно држење на моливот и поставување на телото при пишувањето.<br>- Почетно испишување на деловите од буквата. |

## ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ: ЧИТАЊЕ И ПИШУВАЊЕ

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Ученикот/ученичката:**<br>-да го збогати речникот со нови поими/зборови;<br>- да се оспособи за читање зборови;<br>-да се оспособи за читање од букварот и други текстови;<br>- да го усвои зборот (поимот) како име за предметите; | -Учење нови зборови<br><br>-Читање | | - Вежби со проширување на фондот на зборови.<br>- Вежби за читање на зборови и текстови од разни извори.<br>- Вежби за отстранување на најчестите грешки при читањето (неправилно изговарање на зборови, испуштање на гласови и слогови, особено последниот, заменување на гласови и неправилно дишење).<br>- Вежби за навикнување на учениците за правилно дишење при читањето. |
| -да се оспособува за поврзување зборови во мисловна целина;<br>-да се запознава со јазичната единица- реченицата;<br>- да го открива почетокот и крајот на реченицата во текстот; | - Создавање реченици | - Реченица<br><br>- Креирање реченици | - Вежби за создавање мисловна целина.<br>- Вежби за воочување реченици. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| -да ги усвојува малите и големите букви и нивното поврзување во зборови;<br><br>-да се оспособува да пишува зборови и куси реченици;<br><br>-да се оспособува да дополнува испуштени букви во зборот и/или збор во реченицата;<br>-да се оспособува за пишување преку визуелна перцепција на говорот и користење на аудитивните остатоци на слухот. | - Усвојување на малите и на големите букви преку поединечно пишување | - Македонско кирилско писмо | - Вежби за усвојување на малите и големите букви (графичка обработка) преку поединечно пишување и пишување зборови и покуси реченици.<br>- Вежби за правилно пишување и поврзување на буквите во зборот и во реченицата (аналитичко-синтетички метод со елементи на глобалниот метод).<br>- Вежби за дополнување на испуштени букви во зборот и/или испуштен збор во реченицата.<br>- Вежби за препишување на текст.<br>- Вежби со употреба на кус диктат.<br>- Примена на ИКТ. |

| ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ: КУЛТУРА НА УСНО И ПИСМЕНО ИЗРАЗУВАЊЕ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| 1. Граматика | | | |
| Ученикот/ученичката:<br><br>- да се оспособува да именува лица, предмети и појави;<br>- да се оспособи за самостојно опишување и прераскажување;<br><br>-да се оспособува за писмено одговарање;<br><br>- да се поттикнува за писмено изразување преку куси реченици. | - Усно изразување<br><br>- Писмено изразување | - Именки | - Вежби и игровни активности за разликување на именките од другите зборови.<br>- Вежби за препознавање на именките.<br><br>- Вежби и игровни активности за поставување прашања и нивно писмено одговарање.<br>- Вежби за пишување куси реченици.<br>- Примена на ИКТ. |

**ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ: ПОУКИ ЗА ЈАЗИКОТ**

| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
|---|---|---|---|
| **Ученикот/ученичката:**<br><br>- да се запознае со основните интерпунциски знаци;<br>- да се поттикнува да ги воочува интерпункциските знаци во реченицата;<br>-да ја воочи разликата при пишувањето мали и големи букви;<br>-да се оспособува за правилна употреба на големата буква;<br><br>- да се оспособува за разликување еднинска од множинска форма на зборовите<br>- да се оспособува за примена на образовен софтвер во учењето | -Интерпункциски знаци<br><br>-Голема буква<br><br>- Број кај именките | -Точка<br>-Запирка<br>-Извичник<br>-Прашалник<br><br>- Еднина<br>- Множина | - Вежби за воочување, препозна вање и разликување на интерпункциските знаци.<br><br>- Вежби за правилно читање и доживување на текстот.<br>- Вежби за откривање на те мата и пораката.<br>- Прераскажување на прочита ното со свои зборови.<br>- Вежби и игровни активности за менување на зборовите во еднина и множина.<br><br>- Вежби и игровни активности на компјутер. |

## 3. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

- Предметот **македонски јазик** овозможува интегрирано планирање со наставата по предметите: **запознавање на околината, математика, ликовно образование и физичко и здравствено образование**.

Изведувањето на содржините предвидени со наставната програма треба да бидат во тесна корелација со другите наставни предмети - посебно предметите комуникација и запознавање на околината.

Наставната програма за второ одделение е продолжение на програмата за прво одделение. Пред да се започне со реализација на содржините од програмата за второ одделение треба да се направи проверка на слушниот статус кај учениците.

Неопходно е спроведувањето на континуиран аудитивен тренинг кај сите ученици со слушни оштетувања со поинтензивна работа на оние гласови кои се оштетени (дисторзирани, супституирани).
Исто така, се препорачува индивидуална работа со цел утврдување на можностите за перцепција на говорот, како и можностите за употреба на говорниот јазик, како и работа во групи односно тандемска работа со цел подобрување на вербалната комуникација меѓу учениците со оштетен слух.

Давањето на инструкции, односно налози за изведување на одредени вежби треба да биде во согласност со остатоците на слух кај учениците. Наставникот треба да има увид во можностите за аудитивна перцепција кај учениците со оштетен слух и адекватно на тоа да дава налози по соодветен пат. Начинот на комуникација може да биде со употреба на знаковен јазик, отчитување на говорот од уста (следејќи ги правилата за визуелна перцепција на говорот) или со употреба на пишаниот метод (каде што во писмена форма се даваат сите налози и објаснувања за вежбите што ученикот треба да ги изведе во текот на конкретниот час). Најдобри резултати во однос на разбирањето на налозите може да се добијат со употреба на тоталната метода на комуникација при што се искористуваат остатоците на слух и одредена аудитивна перцепција, се употребува знаковен јазик и сите движења на телото при објаснување на вежбите и секако користење на адекватна фацијална експресија.

Бидејќи станува збор за ученици кои имаат одреден степен на попреченост се препорачува изведување на вежби за психомоторна реедукација. Пред сé, внимание треба да се посвети на латерализацијата која би дала информации за матурацијата на нервниот систем, како и на вежбите за координација на движењата.

Налозите треба да се даваат со употреба на методата на тотална комуникација и сите новоусвоени зборови, односно поими треба да се запишуваат. Од учениците треба да се поставуваат барања, секој новоусвоен збор или поим да се употреби во различни и нови контекстни ситуации.

*Препораки за користење на годишниот фонд на часови*- 252 часа годишно, 7 часа неделно.

По наставни подрачја се предлага: Артикулација на гласовите и почетно пишување - 70 часа; Читање и пишување - 20 часа; Култура на основно усно и писмено изразување - 80 часа; Поуки за јазикот - 36 часа; Работа со компјутер - 10 часа.

Планирањето на наставата по македонски јазик треба да биде во координација со Наставниот план и програмата за овој предмет и да ги опфаќа програмските содржини на сите образовно-воспитни подрачја (Артикулација на гласовите, почетно пишување, читање и пишување, култура на основно усно и писмено изразување, поуки за јазикот и работа со компјутер). При одредувањето на бројот на часовите за предметните подрачја треба да се имаат предвид и специфичностите на учениците и условите за работа. Исто така, треба да се уважува фактот дека на програмските содржини од предметното подрачје, во планот за работа, им се дава место и се планира времето за нивна реализација според нивната образовно-воспитна вредност во однос на програмските цели и задачи. На сите содржини не може и не треба да им се посветува подеднакво внимание во наставата. Сепак, се препорачува да нема впечатливо големи временски отстапки за содржинската реализација.

*Наставни средства:*

- учебник избран на ниво на училиштето за соодветниот предмет, одобрен од страна на министерот;
- букварка, енциклопедии, речници и сл.;
- Интернет, образовни софтвери (*ToolKid* и др.);
- списанија - традиционално потврдени списанија за деца (одобрени списанија);
- визуелни средства и други средства во зависност од предметот - ЦД (*Бушавата азбука* и др. литературни текстови, звучна читанка);
- други извори на учење во непосредната околина: споменици на културата, музеи, домови на културата, библиотеки, кина, театри, нацинални паркови ит

## 4. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Наставната програма по македонски јазик за второ одделение за учениците со оштетен слух треба да се реализира на следниве начини:

- опсервација на ученикот;
- разговор како начин на изразување;
- мотивација, интереси, активности, соработка, почитување на другите;

- водење на развојно и аналити;ко портфолио за секој у;еник;
- користење на евидентнии чек листи, анегдотски белешки, студии на случај;
- детски изработки поединечни, групни.

## 5. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата во однос на просторните услови за реализацијата се темели на Нормативот за простор за I, II и III одделение и на наставните средства за II одделение донесен од страна на министерот за образование и наука.

## 6. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Наставата во второ одделение може да ја изведува лице кое завршило:

- Филозофски факултет – Институт за дефектологија, дипломиран дефектолог;
- дефектолошки факултет согласно Законот за основно образование.

## 7. РЕШЕНИЕ И ДАТУМ НА ДОНЕСУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по предметот *македонски јазик* за второ одделение на деветгодишното основно образование за учениците со оштетен слух ја донесе

---------------------------------------
Никола Тодоров,
министер за образование и наука

Скопје, ---------------------------
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 10-2012/2
27.07 2009 год.
СКОПЈЕ